УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА — КУМАНОВО



# МАРГАРИТА АВРАМОВСКА



МАРГАРИТА АВРАМОВСКА е родена 1966 во Куманово.

Дипломирала на Факултетот за ликовната уметност во Скопје 1991 г. на одсек графика со графички дизајн во класата на проф. Костадин Танчев — Динка.

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

— 1985, 1986, 1987, 1988 г. на годишните изложби на ФЛУ во Скопје.

— 1985 — 1988 г. на сите студентски изложби во Скопје, Белград, Загреб и Сараево.

— 1987 г. на изложбата „Студентите бираат“ во салонот на домот на ЈНА во Скопје.

— 1988 г. учествува во „Интервенции во простор“ на ФЛУ во Скопје.

— 1989, 1990 и 1991 г. на годишните изложби на ДЛУК во Куманово.

— 1991 на изложбата на дипломирани студенти во фоајето на МИТ во Скопје.

Адреса:
Народна Револуција 30
Куманово

## ЗАТВОРЕН КРУГ...

Во потрага за автентичен израз и оплеменување на појавниот свет со сопствен дух и размислување кај мене се појавија нови интересирања. Идејата за кругот како композиција потекна сосема случајно.

Откако имав од што да почнам (круг) потекоа натамошни размислувања за тема, за израз преку ликовни знаци и творетско оправдување и поддршка на настанатите ликовни визии.

Се предеа асоцијации на круг како површина како длабочина, како спирален пат, асоцијација на зачеток, на клетка, на атом, на битосување, човеково постоење, на планета, космос на бесконечност, совршенство, круг како нужна рамнотежа на спротивностите, како порака, симболика, и животна вистина, како магичен круг.

Разноврсноста на структури на самиот круг не е одраз на лутање, туку на свесно настојување на сѐ да се даде свој печат препознатливост и индивидуален однос кон одредени мотиви, што е одраз на мојот темперамент и желба за истражување и експериментирање, непостојаноста и потреба од промени како главни особини на мојот карактер... тежнејќи кон крајно прочистување на оптичка реалност, со помош на боја и светлост ја намалувам илузијата на опипливост.

Одењето кон „предмет" кон „не-предмет" доволно неутрален за да на уметникот може да му послужи како точка на свртување. Моето анализирање на кругот го преставив со тонски површини и линеарни ритмови, со интимност, духовност, боја, тенденција кон безкрајност.

... Лутајќи од една до друга ликовна и графичка техника некако подзастанав на линорез како техника која ми дава најголеми можности да се изразам и искажам во ликовниот свет. Ми пружи големо задоволство и исполнетост...

Од дипломската работа на
Маргарита АВРАМОВСКА

ЛИНОРЕЗИ:

1. СЕЌАВАЊЕ НА ИДНИНАТА
2. БЕЗНАСЛОВ
3. ВО ИСЧЕКУВАЊЕ
4. БЕЛА ЛИНИЈА
5. ПЛАНЕТА — КОСМОС
6. МИНАТО — СВРШЕНО
7. КОНКАВНО
8. КОШМАР
9. БЕЗКОНЕЧЕН ПАД
10. ИСПРЕКИНАТОСТ
11. ПСИХОДЕЛИЈА
12. НЕСХОБОДА
13. АНТИСВЕТОВИ
14. КОНВЕКСНО
15. ДЛАБОКА ПОВРШИНА
16. СВЕТЛО — ТЕМНО
17. КОНФЛИКТ
18. НЕШТО ПОМЕЃУ ЦРНО
19. ХАОС
20. ХАРМОНИЈА

ИЗДАВАЧ: Народен музеј — Куманово
ЗА ИЗДАВАЧОТ: Јоско Јакимовски
ОРГАНИЗАЦИЈА: Тане Атанасовски
ФОТОГРАФИИ: Слободан Зафировски
ПЕЧАТНИЦА „Просвета" Куманово

**Изложбата се отвора на 6 март 1992 во 19 часот во салонот на уметничката галерија — Куманово**